**20171933868**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 2017 година.

Бр. 08-4816/1
22 декември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

Член 1

Во Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 53/16) во член 3 точката 31 се менува и гласи:

„31. „Канабис за медицински цели“ се сите надземни свежи или суви делови на растението, вклучувајќи го и семето од видовите Cannabis sativa, Cannabis indica и Cannabis ruderalis (во натамошен текст: канабис).“.

По точката 33 се додава нова точка 34, која гласи:

„34. „Коноп за индустриски цели“ се сите надземни свежи или суви делови на растението, освен семето од видот Cannabis sativa (во натамошен текст: коноп).“.

Член 2

Членот 14 се менува и гласи:

„Надлежности на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врши надзор со контрола кај овластениот производител на семенскиот материјал од афион и/или коноп, контрола во прометот на семенскиот материјал од афион и/или коноп во однос на декларираноста, контрола на сеидбата на афионот, конопот и/или канабис, контрола на самото производство, контрола пред и по жетвата, како и контрола во делот на откупот на афионовата слама (Papaver somniferum) коноп и/или канабис.“.

Член 3

Во членот 24 став 2 зборот „коноп“ се заменува со зборот „канабис“.

Член 4

Во членот 28 став 1 по зборот афион се става запирка, а зборовите: „ и/или коноп“ се заменуваат со зборовите: „коноп и/или канабис“.

Член 5

Во насловот на членот 29-а зборот „коноп“ се заменува со зборот „канабис“.

Во ставот 1 зборот „коноп“ се заменува со зборот „канабис“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Одгледување на канабис е дозволено само на правни лица кои имаат одобрение за одгледување на канабис издадено од Министерството за здравство, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.“.

Член 6

Во целиот член 29-б зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“, а зборовите: „конопот“ се заменуваат со зборовите: „канабисот“.

Член 7

Во целиот член 29-в зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“, а зборовите: „конопот“ се заменуваат со зборовите: „канабисот“.

Во став 2 точката 2) се брише.

Точката 3) која станува точка 2) се менува и гласи:

„2) одобрен елаборат/план за одгледување на канабис согласно со членот 29-б став 8 точка 2 од овој закон, заверена и потпишана од одговорното лице на правниот субјект кој го поднел барањето.“.

Член 8

Во целиот член 29-г зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“.

Во ставот 2 зборовите: „точка 3)“ се заменуваат со зборовите: „точка 2)“.

Член 9

Во целиот член 29-д зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“, а зборовите: „конопот“ се заменуваат со зборовите: „канабисот“.

Член 10

Во целиот член 29-ѓ зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“, а зборовите: „конопот“ се заменуваат со зборовите: „канабисот“.

Член 11

Во целиот член 36-а зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“.

Член 12

Во член 85 ставот 2 се менува и гласи:

„Државниот инспекторат за земјоделство врши инспекциски надзор над производството на семенскиот материјал од афион и/или коноп, контрола во прометот на семенскиот материјал од афион и/или коноп во однос на декларираноста, контрола на сеидбата на афионот, конопот и/или канабис, контрола на самото производство, контрола пред и по жетвата, како и контрола во делот на откупот на афионовата слама (Papaver somniferum) коноп и/или канабис.“.

Член 13

Во целиот член 95-в зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“, а зборовите: „конопот“ се заменуваат со зборовите: „канабисот“, а зборовите: „точка 3)“ се заменуваат со зборовите: „точка 2)“.

Член 14

Во целиот член 95-г зборовите: „коноп“ се заменуваат со зборовите: „канабис“.

Член 15

Во членот 95-д став 1 зборот „коноп“ се заменува со зборот „канабис“.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.